**С О В Е Т Н А О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ТРИЕСЕТ И ШЕСТТАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 28.02.2020 година**

**СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2020 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Триесет и шесттата седница
на Советот на Општина Гази Баба,
одржана на 28.02.2020 година**

Седницата започна во **12,20 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и претставници на подносители на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Триесет и петтата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Триесет и петтата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **26 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Согласно извештајот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина бр.09-1095/2 од 26.02.2020 година и извештајот на статутарно-правната комисија бр.09-1097/2 од 27.02.2020 година, во насловот на точка 33 од предложениот дневен ред: Предлог - Одлука за давање согласност за склучување Спогодба помеѓу Општина Гази Баба и Општина Илинден, за превземање на дел од водоводен систем во населените места Јурумлери, Гоце Делчев, Идризово и Дрма, зборовите "дел од водоводен систем" се заменуваат со зборовите **"водоводните мрежи"**.

Предлози за **дополнување** на предложениот дневен ред:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следните предлози за **дополнувања** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина бр.09-1095/2 од 26.02.2020 година, се предлага дополнување на предложениот дневен ред, со следната точка:

**37.** Предлог - Одлука за изработка на Локална урбанистичко - планска документација, за изградба на објект со намена Г2 - лесна индустрија и Г3 - сервиси, на КП 11730/1 КО Старо Скопје, КП 11609/1 КО Старо Скопје и КП 11589/1 КО Старо Скопје, Општина Гази Баба - Скопје.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"37"** беше ставен на гласање и **не беше усвоен** со **12 гласа "ЗА" и 14 гласа "ПРОТИВ"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложената точка "37" **не è** составен дел на предложениот дневен ред.

Член на Совет - **Зоран Стојанов** (коалиција предводена од СДСМ):

Упати забелешка на постојаното симнување на предлог-деталните урбанистички планови, на секоја седница на совет без образложение на причините за симнување на истите од предложениот дневен ред. Истакна дека основа на развој на секоја општина е донесување на детални урбанистички планови. Поради изнесеното, предложи советничката група на коалицијата предводена од СДСМ да ја напушти работата на седницата на советот.

*Коментар од стручната служба:*

Советниците од советничката група на коалицијата предводена од СДСМ ја напуштија работата на седницата на советот. Во салата останаа 14 членови на советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Во својство на член и претседател на Советот на Општина Гази Баба ги предложи и образложи следните **дополнувања** на предложениот дневен ред:

**37.** Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба; и

**38.** Раправа по прашање од надлежност на Советот на Општина Гази Баба.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"37"** беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"38"** беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложените точки "37" и "38" се составен дел на предложениот дневен ред.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Предложи дополнување на предложенот дневен ред со следната точка:

**39.** Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С19, Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје.

Во своето излагање ги образложи причините и го извести советот дека започнувајќи од наредната седница на советот ќе присуствуваат и инвеститорите. Истакна дека мнозинството во советот имаше цели 22 години да одлучува за развојот на општината. Најави соодветна законска постапка.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"39"** беше ставен на гласање и **не беше усвоен** со **14 гласа "ПРОТИВ"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложената точка "39" **не è** составен дел на предложениот дневен ред.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред:

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Во име на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата "За подобра Македонија" предложи точките "**35**.Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 08, Општина Гази Баба - Скопје" и "**36**.Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 08, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје" да се **симнат** од предложениот дневен ред.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Пред ставање на предлозите за симнување на точките "35" и "36" од предложениот дневен ред на гласање, укажа на одредбите од член 39 став (1) од ЗПУП, каде е наведено следното:

"Градоначалникот на општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје е должен најдоцна три работни дена по добивање на согласноста од член 38 став (2) на овој закон, а доколку не е издадена согласност и не е доставено известување за констатирани недостатоци на урбанистичкиот план, по истекот на рокот за издавање на согласност утврден во член 38 став (2) на овој закон, да го достави предлогот на планот во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам, до Советот на општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје а претседателот на Советот е должен предлогот на планот да го стави на првата наредна седница на Советот, а Советот е должен да одлучи по истиот на истата седница."

Предлогот за изменување на предложенот дневен ред - точката "35" да се симне од предложениот дневен ред беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА"**.

Предлогот за изменување на предложенот дневен ред - точката "36" да се симне од предложениот дневен ред беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точките "35" и "36" се **симнати** од предложениот дневен ред, а точките '"37" и "38" ќе бидат разгледувани како точки **"35" и "36"**.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Предложи изменување на предложениот дневен ред со **симнување** на точка 33.Предлог - Одлука за давање согласност за склучување Спогодба помеѓу Општина

Гази Баба и Општина Илинден, за превземање на водоводните мрежи во населените места Јурумлери, Гоце Делчев, Идризово и Дрма од предложениот дневен ред, поради постоење на правни дилеми дали воопшто може Претседателот на Совет да склучува спогодби и во име на општината да истапува во правниот промет. Побара дополнително објаснување.

По предлогот во расправата учествуваа: В.Д директорот на ЈКП "Гази Баба 2007" - Скопје, Градоначалникот на Општина Гази Баба, членот на советот - Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија"), членот на советот - Андреа Најденовски (коалиција "За подобра Македонија") и претставникот од општинската администрација - Васко Апостоловски.

По добиено дополнително објаснување и најавата од Градоначалникот на Општина Гази Баба за поднесување на амандман на Предлог-Одлуката со која ќе се доуреди текстот со кој градоначалниците на општините а не претседателите на советите ќе ја склучат спогодбата, Претседателот на Советот **го повлече предлогот**.

За работата на седницата со **14 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2019 година;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2019 година;
4. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година;
5. Предлог - Програма за изменување на Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2020 година;
6. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2019 година;
7. Предлог - Одлука за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2020 година;
8. Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Стив Наумов" - Скопје;
9. Предлог - Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2020 година;
10. Предлог - Одлука за утврдување стварна ненадлежност на основачот - Советот на Општина Гази Баба, да постапува по барања за добивање согласност на Предлог-Годишните планови за вработување за 2020 година, на општинските основни училишта;
11. Предлог - Програма за дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја за период од 2019-2023 година;

12. Предлог - Одлука за подигање на спомен обележје (биста) на Кирил Петрушевски;
13. Предлог - Заклучок за прифакање на иницијатива за преименување на улица;
14. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2019 година;
15. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2019 година;
16. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2019 година;
17. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2019 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи;
18. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2019 година;
19. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2019 година;
20. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2019 година;
21. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2019 година;
22. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за спорт на Општина Гази Баба за 2019 година;
23. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за нереализација на Програмата за млади на Општина Гази Баба за 2019 година;
24. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за нереализација на Програмата за домовите на културата на Општина Гази Баба за 2019 година;
25. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за училишен спорт на Општина Гази Баба за 2019 година;
26. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на училиштата на Општина Гази Баба за 2019 година;
27. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации во училиштата на Општина Гази Баба за 2019 година;
28. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2019 година;
29. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2019 година;
30. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2019 година;
31. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2019 година;
32. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2019 година;

33. Предлог - Одлука за давање согласност за склучување Спогодба помеѓу Општина Гази Баба и Општина Илинден, за превземање на водоводните мрежи во населените места Јурумлери, Гоце Делчев, Идризово и Дрма;
34. Предлог - Одлука за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба;
35. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба;
36. Раправа по прашање од надлежност на Советот на Општина Гази Баба.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **Дијана Илиевска**, поднесе извештај од седницата одржана на 26.02.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **14 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2019 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и Буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.02.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Истакна дека како советничка група постојано даваат поддршка на работата на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје. Во врска со Годишната сметка побара објаснување по однос на одредени дилеми кои постојат а се однесуваат на определени 3 ставки во спецификацијата на трошоци кои се однесуваат на вработувања во јавното комунално претпријатие (сезонски вработувања и договори на дело).

в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје - **Влатко Митовски**:

Го даде потребното објаснување и истакна дека се работи за стручен профил на работници кои не се систематизирани како работни места: Возачи на товарни возила, водоводџии, инкасатор. Тоа се вкупно 8 (осум) работници кои се ангажирани преку Агенцијата за вработување. Останатиот дел од трошоците се однесува на сезонски работници.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2019 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2019 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 26.02.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија").

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - **Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија").

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2020 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2020 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Стив Наумов" - Скопје.**

Претседателот на статутарно - правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.02.2020 година и ја извести стручната служба за **техничка грешка** во насловот, каде стои "Вера Јоциќ", треба да стои "Стив Наумов".

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Стив Наумов" - Скопје, со **14 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на благајнички максимум за 2020 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување стварна ненадлежност на основачот - Советот на Општина Гази Баба, да постапува по барања за добивање согласност на Предлог-Годишните планови за вработување за 2020 година, на општинските основни училишта.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување стварна ненадлежност на основачот - Советот на Општина Гази Баба, да постапува по барања за добивање согласност на Предлог-Годишните планови за вработување за 2020 година, на општинските основни училишта, со **14 гласа "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја за период од 2019-2023 година.**

Претседателот на Советот констатираше **отсуство** на претседателот на комисијата комисијата за негување и чување на традициите на македонскиот народ, заедниците и македонската држава и заштита на историските споменици и спомен-обележја - Милица Бубало.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија") и Претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја за период од 2019-2023 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за подигање на спомен обележје (биста) на Кирил Петрушевски.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за подигање на спомен обележје (биста) на Кирил Петрушевски, со **14 гласа "ЗА"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за прифаќање на иницијатива за преименување на улица.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за прифаќање на иницијатива за преименување на улица, со **14 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот констатираше **отсуство** на претседателот на комисијата за еднакви можности на жените и мажите - Мартина Наумовска.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Упати процедурална забелешка поради отсуството на претседателите на комисиите од редовите на советничката група на коалицијата предводена од СДСМ, кои се должни да ги презентираат извештаите од работата на комисиите чии што претседатели се. Побара од Претседателот на Советот сериозно да се разгледа можноста за разрешување на сите претседатели на комисии од редот на советничката група на коалицијата предводена од СДСМ.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Истакна дека како претседател на советот нема намера во име на претседателите на комисиите да ги презентира извештаите од работата на комисиите. Предлогот на колегата Трајковски сериозно ќе биде разгледан.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија").

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не го донесе** Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ПРОТИВ"**.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не го донесе** Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ПРОТИВ"**.

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2019 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не го донесе** Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2019 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи, со **14 гласа "ПРОТИВ"**.

**ОСУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседавачот со седницата на комисијата за култура, спорт и рекреација - **Благој Атанасов**, поднесе извештај од седницата одржана на 26.02.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за спорт на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за спорт на Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за нереализација на Програмата за млади на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не го донесе** Заклучокот за усвојување на извештајот за нереализација на Програмата за млади на Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ПРОТИВ"**.

**ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за нереализација на Програмата за домовите на културата на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не го донесе** Заклучокот за усвојување на извештајот за нереализација на Програмата за домовите на културата за млади на Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ПРОТИВ"**.

**ДВАЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за училишен спорт на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за училишен спорт на Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ШЕСТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на училиштата на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на училиштата на Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации во училиштата на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации во училиштата на Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ОСМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не го донесе** Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ПРОТИВ"**.

**ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на комисијата за месна самоуправа - **Тони Бојковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 26.02.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот констатираше **отсуство** на претседателот на комисијата за локален економски развој - м-р Мартин Ристов.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ТРЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност за склучување Спогодба помеѓу Општина Гази Баба и Општина Илинден, за превземање на водоводните мрежи во населените места Јурумлери, Гоце Делчев, Идризово и Дрма.**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски:**

Од стручната служба сум информиран дека по однос на оваа точка е поднесен **1 (еден) амандман**, и тоа амандман бр.08-1267/1 од 28.02.2020 година, поднесен од Градоначалникот на Општина Гази Баба. Ја започнувам амандманската расправа.

***АМАНДМАНСКА РАСПРАВА***

**А М А Н Д М А Н**
(**бр.08-1267/1 од 28.02.2020 година**)

Претседателот на Советот го покани претставникот на предлагачот да го образложи поднесениот амандман.

Претставник од општинската администрација - **Васко Апостоловски**:

Го образложи поднесениот амандман бр.08-1267/1 од 28.02.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по поднесениот амандман, никој не се јави за збор, го заклучи претресот и амандманот го стави на гласање.

Советот го усвои амандманот бр.08-1267/1 од 28.02.2020 година, поднесен од Градоначалникот на Општина Гази Баба, со **14 гласа "ЗА"** со што амандманот стана составен дел на текстот на Предлог-Одлуката.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување Спогодба помеѓу Општина Гази Баба и Општина Илинден, за превземање на водоводните мрежи во населените места Јурумлери, Гоце Делчев, Идризово и Дрма (со амандманот како нејзин составен дел), со **14 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба, со **14 гласа "ЗА"**.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Даде пауза од 10 минути за да се одржи седница на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, за да завземе став по однос на **Предлог - Одлуката за изменување на Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба** и ја задолжи стручната служба да изготви и достави извештај од седницата на комисијата до советот.

**По паузата.**

**ТРИЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба.**

Претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања - **Тони Бојковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 28.02.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба, со **14 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ШЕСТТА ТОЧКА: Раправа по прашање од надлежност на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори расправа.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Истакна дека согласно Законот за локалната самоуправа и Законот за полиција, Советот на Општина Гази Баба го избира командирот на ПС од ОН Гази Баба. Причините за оваа точка да биде дел од дневниот ред се повеќе од јасни и сите се запознаени со случувањата.Поради изнесеното, на советот му предложи да го донесе сладниот **заклучок:**

**Да се поднесе иницијатива до министерот за внатрешни работи за отпочнување на постапка за предлагање на листа на кандидати за командири на полициската станица од општа надлежност Гази Баба и доставување на истата до надлежен орган за избор на командир на полициската станица од општа надлежност Гази Баба - Советот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот ја заклучи расправата и предложениот заклучок го стави на гласање.

Советот го донесе предложениот заклучок, со **14 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Триесет и шесттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **15,35 часот**.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**

* аудио записот од седницата е составен дел на записникот